Врз основа на Член 39 став 5 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 64/2005), министерот за финансии донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници и единки корисници на средства на Буџетот на Република Македонија и Буџетот на единиците на локалната самоуправа

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници на средства на Буџетот на Република Македонија и Буџетот на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: буџетските корисници).

### Член 2

Буџетските корисници до Министерството за финансии поднесуваат барање за добивање согласност за отворање на девизна сметка.

Со барањето од став 1 на овој член потребно е да се достави копија од договорот за донација или кредит или друга документација.

### Член 3

Врз основа на добиената согласност од Министерството за финансии, буџетските корисници и единките корисници отвораат девизна сметка во Народна Банка на Република Македонија.

### Член 4

Буџетските корисници за отворање на девизна сметка до Народна банка поднесуваат согласност добиена од Министерството за финансии за отворање на девизна сметка, решение за овластени потписници на девизната сметка за користење на девизните средства, договор за донација или кредит и друга документација.

**Член 5**

Буџетските корисници треба во рок од осум дена по целосното завршување на проектот за кој е отворена девизната сметка, да поднесат барање до Народна банка за затворање на девизната сметка.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

09-23277/1 **МИНИСТЕР,**

19.07.2006 Скопје **М-р Никола Поповски**